<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Читање и пишување</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>Сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Почетно читање<br><br>глас,<br>слог,<br>збор,<br>едноставна реченица,<br>куса реченица,<br>азбука</td>
<td>Идентифику-ва буква, слог или збор во пишан текст по слушање, напишани во книга или на визуелен нагледен материјал.</td>
<td>111</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците добиваат работен лист на кој треба да откријат два анаграма. Ги читаат зборовите и треба во празното поле да ја запишат првата буква од секој збор. Потоа го запишуваат откриениот збор добиен од почетните букви<br>
<table>
<tr><td>стол</td><td>око</td><td>нога</td><td>цуцла</td><td>елек</td></tr>
<tr><td>с</td><td>о</td><td>н</td><td>ц</td><td>е</td></tr>
<tr><td colspan="5">сонце</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td>слон</td><td>нос</td><td>есен</td><td>шал</td><td>клуч</td><td>облак</td></tr>
<tr><td>с</td><td>н</td><td>е</td><td>ш</td><td>к</td><td>о</td></tr>
<tr><td colspan="5">снешко</td><td></td></tr>
</table>
Главен дел – искуствено учење<br>Учениците отвараат во учебникот по македонски јазик на стр. 36 и се искажуваат по прашање:<br>-Што забележувате необично кај текстот „Сонцето и Снешко“ ?(текстот е напишан и со зборови и со слики).<br>• Дали може да откриеме кои зборови ги заменуваат сликите?(Сонце, Снешко, куќа, елка, бунар, буре, морков)</td>
<td>Работен лсит со анаграми за секој ученик<br><br>Лепило<br><br>молив<br><br>боички<br><br>учебник<br><br>тетратка</td>
<td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита текст со замена на слики со збор<br><br>Пишува текст со ракописни букви со замена на слики со збор</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците следат внимателно читање на текстот и како се заменуваат сликите со соодветен збор. Одговор на прашања:<br>• Што му рекло Сонцето на Снешко?<br>• Кој се криел прв?<br>• На кои места се криел Снешко?<br>• Каде се скрил последниот пат Снешко?<br>• Зошто Сонцето под бурето пронашло само морков?<br>• Дали Сонцето се откажало од потрагата по Снешко?<br>Читање на текстот од страна на учениците.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците го препишуваат текстот со замена на сликите со соодветен збор.<br>За создавање на весело расположение, учениците ја слушаат песната „Снешко бел“ .<br>https://www.youtube.com/watch?v=EUcNGptEgz8<br>Песната може да се пее и во времето за други активности и да се изведува со соодветна кореографија( корелација со музичко образование).<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | <br>компјутер<br>звучници<br>интернет | |

## Сонцето и Снешко

Видело  еден  и му рекло:

– Ајде да си играме криеница.

Добро, јас прв ќе се кријам, – рекол . И каде сè не се криел: зад , зад , зад . Но,  брзо го пронаоѓало.

Се скрил најпосле  под . – Е, сега  не може да ме пронајде. А  сè поблизу се доближувало. Ѕирнало под , а таму нашло . И до ден-денес сонцето го бара .

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>Сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Реагирање по слушнат текст<br><br>(невербална и вербална комуникација)</td>
<td>Прераскажува со правилна употреба на реченици со минато неопределено време</td>
<td>112</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците погодуваат две гатанки.<br>Опишуваат кокиче по наблудување на слика со цвеќиња кои го навестуваат доаѓањето на пролетта-весници на пролетта.<br><table><tr><td>Не го плаши мраз и студ,<br>ни Северко, Сечко лут.<br>Пролетта ја вести,<br>со сонце ве чести.<br><br>(кокиче)</td><td>Една баба многу стара,<br>кокичиња, врапци кара,<br>сестра е на баба Зима,<br>триста ума таа има.<br><br>(баба Марта)</td></tr></table>Учениците ги лепат гатанките во своите тетратки.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците се искажуваат кој месец започнува и одговараат на прашања:<ul><li>Зошто месецот март се нарекува со различни имиња - Баба Марта или Марта со триста умишта?</li><li>Што значи кога ќе речеме дека во март времето е променливо?</li></ul>Учениците внимателно следат изразно читање на текстот „Март“ стр. 88. Одговараат на поставени прашања:<ul><li>Кој стоел исправен на студениот ветер?</li><li>Каде играле Мими и Петар?</li><li>Како биле облечени?</li><li>Каква е планината која ја гледале во далечините?</li></ul></td>
<td>гатанки подготвени од наставник за секој ученик<br><br>лепило<br><br>молив<br><br>учебник<br><br>тетратка</td>
<td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно прераскажува со употреба на реченици со минато неопределено време<br><br>Учество во изведување заклучоци</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Каква миризба доаѓала низ отворениот прозорец?<br>• Зошто родителите ги повикувале децата да влезат дома?<br>• Што значи мислата „Баба Марта лаже?“<br>• Како ги гледала Мими кокичињата?<br>• Кои цвеќиња ќе се појават по нив?<br>Учениците го читааат текстот. Добиваат насоки од наставникот по дадени клучни зборови усно да го прераскажат текстот со употреба на реченици во минато неопределено време(тоа не им се нагласува, само им се дава пример како усно да прераскажуваат).<br>Пр. Едно кокиче храбро стоело исправено на студениот ветер.<br>Неколку ученици самостојно или со поддршка од наставник со насочени прашања го прераскажуваат текстот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во тетратка запишуваат краток план за текстот во вид на расказни реченици со примена на глаголи во минато неопределено време.<br>1. Кокичето стоело исправено .<br>2. Децата играле во дворот .<br>3. Мирис на косетни доаѓал низ прозорецот.<br>**Март е месец со променливо време и топли и лади.**<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно пишување<br><br>(ракописни букви,<br>мали букви,<br>големи букви,<br>точка,<br>запирка<br>прашалник,<br>извичник,<br>азбука) | Препознава неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици и правилно ги препишува зборовите, односно реченицата. | 113 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците од кутија извлекуваат картичка со збор напишан со печатни букви. Во сите зборови има неправилен редослед на некои букви. Учениците треба на истото ливче да го напишат зборот правилно. Потоа зборот го читаат како бил запишан претходно, а како по исправката. Пр. **ливом молив**<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат самостојно да работат во учебник стр.44. Треба да ги прочитаат зборовите од лева страна и да ги пронајдат и поврзат со зборовите од десната страна со кои ќе состават правилна реченица.<br><br><br>Се формираат групи од 4-5 ученици. На секоја група се даваат 3 реченици исечени на зборови. Учениците треба правилно да ги подредат зборовите и да состават правилни реченици.<br>Пр. топка . Јане во дворот игра со<br>Групите ги читаат составените реченици и ги запишуваат во тетратка. | кутија<br><br>картички со зборови напишани со неправилен редослед на буквите<br><br>молив<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>реченици исечени на зборови за групна работа | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Правилно подредува букви во зборови<br><br>Составува реченици со правилен зборораед<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Активно учество во работа во група |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Индивидуална работа во учебник стр. 44 -Подредување на зборови во реченица.<br>Пр. На Марија училиште оди.<br>(Предлог активности- стр. 19 во Вежбанка по македонски јазик за второ одделение -Арс Ламина)<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Работен лист за инди-видуална работа | |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува по серија слики или илустрации<br><br>Креира нов почеток или поинаков крај на прочитан литературен текст. | 114 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Неколку ученици извлекуваат сликички и треба да се искажат со една-две реченици што е претставено на сликата.<br>Наставникот користи слики од стари списанија, стари учебници или подготвува соодветни на активноста за часот.<br><br>**Пр. Децата играат со коцки во својата соба.**<br>Наставникот поведува дискусија по сликата :<br>-Ако мајката побара децата да ги стават играчките на свое место, а тие не ја послушаат какви се тие деца:<br>**послушни непослушни вредни мрзливи**<br>Од дискусијата по сликите треба да се воведат ученици-те во приказната по слики за „Непослушното пајче“<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се искажуваат по серија слики од учебник стр.45.<br>Под секоја слика има реченица која се чита, но и се пот-тикнуваат учениците да дополнуваат со раскажување со свои зборови .<br>• Каде била пајката со своите пајчиња?<br>• Зошто едното пајче не се вратило со својата мајка?<br>• Што се случило со пајчето?<br>• Кој го барал во шумата? | мали слики исечени од стари списанија, стари учебници или подгот-вени од наставник<br><br>учебник<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно раскажува по серија слики со употреба на целосни реченици<br><br>Креира нов крај на приказната по слики<br><br>Учество во изве-дување заклучоци<br><br>Активно учество во работа во пар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците се насочуваат во парови да размислуваат за крајот на приказната и да ја довршат. Крајот на приказната со две-три реченици го запишуваат во својата тетратка.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Извлекуваат заклучок за последниците кои можат да ни се случат ако не ги слушаме своите родители.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Медиумска писменост и медиумска култура | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Толкување и користење медиумски содржини | Креира клучни зборови и изрази и бира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака. | 115 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се насочуваат за внимателно слушање на песната„ Песна за мама“ и да запишуваат клучни зборо-ви позврани со мајката .<br>https://www.youtube.com/watch?v=t5FmrGVHNMw<br>Зборовите се запишуваат на табла и се искажуваат целосни реченици.<br>Пр. Мајката е сонце што топло не грее.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците гледаат слика од билборд и се запознаваат со неговото значење<br>-Средства за комуникација кои брзо и за подолг период пренесува одредена информа-ција . Често ги **гледаме секогаш кога излегуваме надвор,**<br>Учениците добиваат задача да направат на лист од блок билборд за мајката- да има зборови или реченица која ке ја искажува важноста на мајката, но да не се однесува само на 8 Март-бидејќи пораката на билбордот треба да трае подолго време, а не да има значење само за 8 Март.<br>Учениците во групи можат да користат зборови и слики од стари списанија кои ги комбинираат за да направат билборд со медиумска порака за големината на мајката.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | компјутер<br>звучници<br>блок<br>боички<br>лепило<br>ножици<br>слики од списанија<br>исечоци од зборови од списанија | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Учество во изве-дување заклучоци<br>Активно учество во работа во група<br>Го знае значењето на содржината од билбордот за пренесување на медиумска порака. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците го презентираат својот билборд, зошто ги ставиле тие зборови, реченица и илсутрации и каде сметатат дека треба да се постави за да биде видлива нивната порака.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови | Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна | 116 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат по пораките од билбродите кои ги правеа на минатиот час.<br>Се изработува грозд за зборот мајка<br>храбра добра нежна сакана убава<br>**мајка**<br>изморена вредна грижлива<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Секој ученик добива работен лист со песна за мајката. Наставникот може да подготви песни за секој ученик или за читање и работа во пар.<br>Се читаат неколку песни, се анализираат по број на строфи и стихови и римувани зборови. Учениците запишуваат во работниот лист.<br>• Песната има ____ строфи.<br>• Песната е составена од ___ стихови.<br>• Римувани зборови во песната се ____________.<br>Се опишуваат поетски слики и се дискутира со учениците<br>- Што им е заедничко на прочитаните песни?<br>Учениците се искажуваат дека тоа е љубовта кон мајката<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секој ученик препишува чита и препишува строфа во тетратката која најмногу му се допаднала.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да | тетратка<br><br>печатен текст на песна за мајката за секој ученик | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Учество во изведување заклучоци<br>Определува строфа , стих и рима во песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |









| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови | Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна | 117 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се поставуваат во круг. Наставникот ги запознава со правилата на играта „Каменот зборува“.и започнува прв да кажува реченица за мајката.<br>**Пр.** Мојата мајка е најубава.<br>Потоа го подава топчето на ученик кој исто така треба да каже реченица за мајката, но да не ја повторува истата. Сите ученицит треба да се обидат да кажат реченица, а каменот не треба да се врати кај исто дете.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се подготвуваат за рецитирање на песните кои ги имаа за домашна работа.<br>Часот може да се искористи и како активност која може да се одржи како приредба пред мајките и бабите.<br>Секој ученик рецитира песна или строфа за мајката.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Пеење на песна за мајката- меѓупредметна корелација со музичко образование.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | мало топче<br><br>тетратка<br><br>печатен текст на песна за мајката за секој ученик | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Учество во изведување заклучоци<br>Определува строфа , стих и рима во песна<br>Рецитира песна со правилна интона-ција и дикција |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br><br>Почетно пишување<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник, | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви<br><br>Пишува ракописни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 118 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците преку реченица откриваат кои ракописни букви не им се изучени:<br>***Цвета носи црвени чевли.***<br>Учениците погодуваат гатанки /стихови преку кои ги откриваат новите ракописни букви кои ќе се обработуваат- *Цц* и *Чч*.<br><br><br><br><br>Учениците смислуваат збор кој ги содржи новите букви и се искажуваат на која позиција се наоѓа гласот/ буквата во зборот.<br>Пр. царица - Гласот/буквата ц се наоѓа на почетокот и во средината на зборот.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Цц и голема и мала ракописна букв *Цц*.<br>Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br>Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква Ц, ц.<br>Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква ***Ц ,ц*** од печатната, а учениците вежбаат пишување | копирани гатанки за секој ученик<br><br>постер од голема и мала печатна буква Цц ,Чч и голема и мала ракописна буква *Цц, Чч*<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви Ц и *Ч*<br><br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови и реченица<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| извичник,<br><br>азбука) | | | на ракописните букви.<br>На ист начин се увежбува пишување на буквата ***Чч .***<br>Од изучените букви учениците вежбаат пишување на зборовите:<br>***Цветан, цвет, Радица, цар, јадица, цвекло, виц...***<br>***чевел, Чедо, чорап, чадор, меч, очила, паричник...***<br>Учениците даваат предлози за пишување на реченици со новоизучените букви.<br>Пр. *Цена ѝ подари црвено цвеќе на баба Цвета.*<br>*Чедо го шета своето куче Чарли.*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои завршуваат побрзо можат самостојно или во парови да составуваат реченици со новите букви.<br>Хорово се меморираат гатанките за буквите Ц и Ч.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br>(глас, слог, збор,<br>едноставна реченица,<br>куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка, прашалник, извичник, азбука) | Чита букви, зборови, слогови и едноставни/ куси реченици во состав на разни текстови<br><br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет | 119 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување на гатанките за буквите Ц и Ч.<br>Читање на речениците од домашната работа кои ги содржат буквите Ц и Ч.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците усно кажуваат зборови кои ги асоцираат на сонцето: **топло, жешко, златно, зраци, тркалезно, големо, сјајно, грее, високо, живот...**<br>Наставникот изразно го чита текстот„ Сонце“ од учебник стр.47. Учениците одговараат на прашања од содржината на текстот.<br>• Што цртал Чедо на секој свој цртеж?<br>• Што го запрашала еден ден наставничката?<br>• Кој бил одговорот на Чедо?<br>Хорово се чита текстот (1-2 пати) со цел учениците да се воведат во читање на текстот со правилна артикулација и дикција.<br>Учениците ги заокружуваат буквите Ц и Ч во зборовите и препишуваат текстот со убав и читлив ракопис.<br>Додека учениците препишуваат, наставникот индивидуално со секој ученик го увежбува читањето на новиот текст.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Зборовна игра – Учениците се наредени во круг. Наставникот ги запознава со правилата на играта- секој ученик треба да каже по еден збор. Ако во зборот се | постери со изучените ракописни букви.<br><br>тетратка за домашна работа<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита зборови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови<br><br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | содржи буквата Ц или Ч сите ученици штом го слушнат зборот треба да плеснат со дланките. Ученикот кој нема да го направи тоа ја напушта играта.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање**<br><br>(глас,<br>слог,<br>збор,<br>едноставна реченица, куса реченица,<br>азбука<br><br>**Почетно пишување**<br><br>(печатни букви,<br>ракописни букви,<br>мали букви,<br>големи букви,<br>точка,<br>запирка,<br>прашалник,<br>извичник, | Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација.<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица. | 120 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Секој ученик замислува број од 1 до 100.<br>Наставникот ги прашува учениците:<br>• Кој замисли број од 1 до 10?<br>• Кој замисли број од 11 до 20?<br>• Кој замисли парен/непарен број:<br>• Кој мисли дека го замисли најмалиот/ најголемот број?<br>Учениците усно се искажуваат за броевите и правилно ги изговараат.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Дискусија со учениците по прашање:<br>• Зошто ги учиме броевите на час по македонски јазик?<br>Учениците запишуваат реченица во тетратката .<br>**Пр.** Мила има десет години.<br>Го пронаоѓаат зборот кој претставува број во реченицата и го потцртуваат.<br>• Како правилно се запишуваат броевите?<br>6 – шест или шес 11- идинаесет или единаесет<br>20 – дваесет или двајсе 19 деветнајсе или деветнаесет<br>Откако се изговараат зборовите и се открива кој број е правилно запишан учениците ги запишуваат со ракописни букви броевите од 11 до 20(учебник стр.48)<br>Учениците се потсетуваат дека броевите над дваесет се пишуваат со додавање на буквата и ( дваесет и еден). | учебник<br><br>тетратка за почетно пишување<br><br>молив<br><br>боички | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>правилно ги изговара бровите до 100<br><br>правилно пишува броеви до 100 |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| азбука) | | | Вежбаат шишување на двоцифрени броеви до 100.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците пишуваат кратки реченици во кои ќе употребат броеви до 20 и повеќе.<br>Пр. Во кутијата има дваесет и пет бонбони.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br><br>(глас,<br>слог,<br>збор,<br>едноставна реченица, куса реченица,<br>азбука<br><br>**Почетно пишување**<br><br>(печатни букви,<br>ракописни букви,<br>мали букви,<br>големи букви,<br>точка,<br>запирка,<br>прашалник,<br>извичник, | Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација.<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица. | 120 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Од тегла со ленти со реченици која ја подготвивме на претходни часови учениците извлекуваат реченица и ја читат.<br>Се искажуваат каква реченица прочитаа , каков знак стои на крајот на реченицата .<br>Се повторува за видови реченици- расказни, прашални и извични реченици.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот ги подготвува ученциите за внимателно слушање на содржината на текстот со затворени учебници. Секој ученик пред себе имат 3 картички со интерпункциски знаци(претходно подготвени на час по ликовно образование или во време за други активности)<br>! ? .<br>Наставникот чита со умерено темпо реченица по реченица. По секоја реченица застанува и ги прашува учениците каков знак мислат дека стои на крајот од реченицата.<br>• Зошто мислите дека е тој знак?(препознаваат соодветна интонација на речениците).<br>Пр. Се сретнаа Марко и Ведран. .<br>Како си Ведран? ?<br>Учениците ги читаат речениците од учебникот и ги препознавата расказните, прашалните и извичните | Тегла со ленти со реченици(прашални, расказни и извични)<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување<br><br>молив<br><br>лист со текстот за секој ученик<br><br>лепило | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>препознава расказни, прашални и извични реченици во текст<br><br>пишува точка, прашалник или извичник на крај од реченици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| азбука) | | | реченици.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците добиваат лист со текстот во кој се испуштени сите интерпункциски знаци. Треба да ги напишат соодветните знаци на точно место.<br>Се сретнаа Марко и Ведран<br>– Како си Ведран Каде беше – праша Марко<br>– Бев на училиште Денеска научив уште една нова буква Не беше тешко – раскажува Ведран<br>– Чудно – извика Марко – Зар уште не сте ги изучиле сите букви – се чуди Марко<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

Се сретнаа Марко и Ведран
– Како си Ведран  Каде беше  – праша Марко
– Бев на училиште  Денеска научив уште една нова буква  Не беше тешко – раскажува Ведран
– Чудно – извика Марко – Зар уште не сте ги изучиле сите букви – се чуди Марко

Се сретнаа Марко и Ведран
– Како си Ведран  Каде беше  – праша Марко
– Бев на училиште  Денеска научив уште една нова буква  Не беше тешко – раскажува Ведран
– Чудно – извика Марко – Зар уште не сте ги изучиле сите букви – се чуди Марко

Се сретнаа Марко и Ведран
– Како си Ведран  Каде беше  – праша Марко
– Бев на училиште  Денеска научив уште една нова буква  Не беше тешко – раскажува Ведран
– Чудно – извика Марко – Зар уште не сте ги изучиле сите букви – се чуди Марко

Се сретнаа Марко и Ведран
– Како си Ведран  Каде беше  – праша Марко
– Бев на училиште  Денеска научив уште една нова буква  Не беше тешко – раскажува Ведран
– Чудно – извика Марко – Зар уште не сте ги изучиле сите букви – се чуди Марко

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Слушање со разбирање | Идентификува непознати зборови во слушнат текст.<br><br>Составува реченици со новонаучените зборови. | 121 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се поделени во групи, а на масичките за групни активности се поставени различни енцикопедии. Учениците се оставаат да ги разгледуваат, а потоа низ прашања се дискутира за илустрациите и содржините кои ги забележаат во енцикопедиите.<br>• Дали имате случнато за зборот енцикопедија?<br>• Како се вика вашата енциклопедија на масичката?<br>• Какви содржини содржи?(животни, растенија, вселена, човечко тело, воден свет и сл.)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>На учениците им се чита текстот „Енцикопедија“ (учебник стр.105), а потоа низ прашања се разработува неговата содржина.<br>• Што правел навечер таткото?<br>• Каква книга често разгледувал при работата?<br>• Што правела понекогаш Маре со таа книга?<br>• Како се викала книгата?<br>• Што ја посоветувал т Маре нејзиниот татко?<br>Учениците преку објаснување од наставникот се запознаваат со тоа каква книга е еникопедијата, какви содржини можат да пронајдат во неа и дека содржините во нив се вистинити.<br>Кога бараат одредени информации, доколку имаат енцикопедија дома можат да се повикаат на нив.<br>Го запишува поимот енцикопедија како новонаучен збор | Различни енцикопедии<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава и бара објаснување за непознати зборови<br><br>Составува реченици со новонаучените зборови. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | и неговото значење на таблата.<br>Учениците ги разгледуваат енцикопедиите и избираат одредена содржина која го предизвикала нивниот интерес. Читаат и доколку имаат непознат и нејасен збор запишуваат бараат негово толкување и составуваат реченица со новонаучениот збор.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Од секоја група се читаат некои содржини(три- четири реченици) од енциклопедиите по избор на учениците.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |


ЕНЦИКЛОПЕДИЈА
од 7 до 77 години


Мојата прва
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА


ПРВА
УЧИЛИШНА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА


ДЕТСКА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА


ПРИРОДНИТЕ
НАУКИ


МАКЕДОНСКА
ИЛУСТРИРАНА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА
за деца


Мојата
прва
енциклопедија


ДЕТСКА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА


ЕНЦИКЛОПЕДИЈА
ЗА ДЕВОЈЧИЊА


ОКЕАНИ




Мојата прва
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА


Вселена
СОНЦЕ


Дејвид Белами
101
НАЧИН
ДА ЈА СПАСИМЕ
ЗЕМЈАТА


ПРВА
УЧИЛИШНА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА


ЖИВОТНИ


МАКЕДОНСКА
ИЛУСТРИРАНА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА
за деца




МАКЕДОНСКА
ИЛУСТРИРАНА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА
за деца


ЧОВЕЧ О ЕЛО


LAROUSSE
Земјата,
активна планета




ДЕТСКА
ЕНЦИКЛОПЕДИЈА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место) | Одредува тема време и место на прочитан литературен текст.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната.<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината. | 122 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување од минатиот зас за енциклопедија и какви информации може да добиеме од неа.<br>Учениците следат триминутно видео за пингвини https://www.youtube.com/watch?v=lAJB-dKTAQM<br>Наставникот дава објаснувања додека го следат видеото, но и учениците можат да откријат многу факти и интересни информации за пингвините преку самото видео.( видеото е на англиски јазик,)<br>Се поведува дискусија низ прашања што научија за пингвините, нивното живеалиште и начин на живот.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се подготвуваат за внимателно слушање на текстот„ Најосамениот пингвин на светот“ со примена на Стоп техника.<br>Наставнот чита до прво стоп, а учениците одговараат на поставени прашања.<br>• Каде живеел пингвинот Пајко?<br>• Како изгледало тоа место?<br>• Како се чувствувал?<br>• Што решил да направи Пајко?<br>• На кого му ја соопштил својата идеја?<br>• Што му рекла неговата мајка?<br>• Дали Пајко ја остварил својата идеја?<br>Читање на текстот од учениците, дел по дел.<br>Ученикот кој чита го прераскажува својот дел, а | Различни енцикопедии<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува тема време и место на прочитан литературен текст.<br><br>Препознава почеток, средишен и главеб дел на приказната. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученииците воочуват кој е почетен, кој е средишен, а кој завршен дел од текстот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се формираат тријади и секој ученик добива одреден дел од текстот кој усно треба да го прераскаже- почеток, средишен дел и крај од текстот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Почетно пишување<br><br>(ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука)</td><td>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет.</td><td>123</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Наставникот им покажува плик на учениците и прашува која е неговата намена.<br>• Ако рачно пишувате честитка или писмо, дали треба да го ставите во плик?<br>• Дали треба пликот да се затвори и залепи?Зошто?<br>• Каде треба да го однесиме писмото за да го испратиме?<br>Главен дел – искуствено учење<br>Разговор за содржината на текстот„ Најосамениот пингвин на светот“<br>• Каков проблем имал пингвинот Пајко?<br>• Каква идеја имал за да го реши?<br>• Кому ќе му напише писмо осаменото пингвинче?<br>• Каде ќе отиде писмото?<br>Учениците се искажуваат за својата замисла што пишувало пингвинчето во писмото.<br>Секој ученик има плик. Добива насоки да му напише писмо на пингвинот Пајко и да му даде поддршка за да не се чувствува осамено. Во писмото учениците терба да:<br>- му се претстават<br>- му дадат идеи како да си игра сам<br>- го поканат кај нив на гости и сл.<br>Учениците следат насоки за обраќање на правописни правила - голема буква и интерпункциски знаци.</td><td>Плик за секој ученик<br><br>Учебник<br><br>Лист од тетратка А5 или од тетратка за почетно пишување</td><td>Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Пишува краток текст – писмо<br><br>Почитува правила за пишување на голема буква</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците го затвораат писмото во плик, го адресираат:<br>• Пингвин Пајко<br>• Голема Жолта Карпа<br>и го ставаат во една кутија која замислуваме дека е поштенско сандаче.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>По случаен избор учениците извлекуваат по еднен плик и ги читаат писмата упатени до Пајко.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br><br>(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука | Чита едноставни и кратки реченици кои содржат новонаучени зборови.<br><br>Идентификува непознати зборови во пишан текст.<br><br>Одговара на куси прашања што ќе ги прочита. | 124 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>**<u>Претходна подготовка</u>**<br>Три ученици се подготвени да се однесуваат неговорно кон средината. Еден ученик фрла отпадоци од хартија во училницата. Друг превиткува пластична чаша и ја фрла на земја до хартиите, а трет неколку пати ја пали и гаси светилката.<br>Другите деца влечат ленти со прашања на кои ќе треба да дадат одговор откако гласно ќе ги прочитаат.<br>• Што направи (име на ученикот) со хартијата?<br>• Дали неговото однесување е правилно?<br>• Каде требаше да ја фрли хартијата?<br>• Каде требаше да ја фрли (име на ученик) пластичната чаша?<br>• Дали светилките се играчки и кога треба да се користат?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „Учам и знам“ .<br>Читање на песната строфа по строфа од учениците и анализа на поетските слики - идентификување на непознати зборови | Листови стара хартија<br><br>Хартиени ленти со прашања<br><br>Пластична чаша<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита краток текст во кој може да открие знепознати зборови<br><br>Одговара на куси прашања што ќе ги прочита |

| | |
|---|---|
| Јас знам за сонцето,<br>воздухот, земјата и водата,<br>и така ја сакам<br>и ја чувам природата. | Што ни е претставено во првата поетска слика?<br>Зошто ни се важно сонцето, водата и воздухот? |
| За околината се грижам,<br>енергија штедам<br>и во чиста<br>сакам да се движам. | Како се грижиме за околината?<br>Што значи да се штеди енергијата? |
| Отпадот го собирам<br>и го селектирам,<br>понекогаш не ми е тешко<br>и да рециклирам | Дали ви се познати овие зборови селектирање и рециклирање?<br>Каде ги имате слушнато?<br>Објаснете ги со свои зборови. |

На учениците им се истакнува слика или постер каде можат да откријат што значи селектирање на отпад и зошто е корисно рециклирањето на истиот.

Значењето на непознатите зборови се запишува во тетратка.




Рециклира – преработка на користен материјал од стакло, пластика, хартија и негова повторна употреба

Постер / слика за селектирање и рециклирање на отпад

Слики за селектирање на разни отпадоци

лепило

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Селектира – да се издвои материјалот според некои својства<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Изведување на заклучок за грижа за животната средина- и како тие можат да придонесат за нејзина заштита.<br>Учениците во тетратката лепат слики со селектирање на разни отпадоци и даваат објаснување:<br>Пр. Во корпата за пластика се селектира:...<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |


PLASTIC
GLASS
PAPER
ORGANIC
METAL
E-WASTE

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува настани од секојдневниот живот кои се слични на оние во литературниот текст | 125 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се подготвуваат за внимателно слушање на краток текст„ Се срамам од славејчето“-( во прилог на сценариото)<br>Одговараат на прашања:<br>• Каде тргнале Сања и Љупчо?<br>• Што направиле по напорното патување?<br>• Кој им запеал?<br>• Што направила Сања по појадокот?<br>• Зошто бил зачуден Љупчо?<br>• Што и предложил тој на Сања?<br>• Од кого се срамела Сања?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуват да се искажат како се однесуваат кога одат на излет со своите родители или организирани од училиште.<br>• Што најчесто носите за јадење кога одите на излет?<br>• Каде ги фрлаат отпадоците од храната?<br>• Дали среќаваат отпадоци на излетничките места?<br>• Кој е одговорен за загадување на природата-животните или луѓето?<br>Учениците писмено се искажуваат за некој настан или случка за време на излет.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | Примерок од текст за секој ученик<br><br>Лепило<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Усно раскажува настан од сопствено доживување<br>Писмено раскажува сопствено доживување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Читање на писмените раскажувања и изведување на заклучок како треба да се однеуваме сите не само на излетнички места туку воопшто во нашата животна средина.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

Се срамам од славејчето

Сања и Љупчо тргнаа на излет во природа. По напорното патување седнаа на тревата да се одморат, да поткаснат. Блиску до нив запеа славејче.

По појадокот Сања ги завитка во весник лушпите од јајцата и празните конзерви и ги стави во својата торба.

- Зошто со себе го носиш сметот?- ја праша Љупчо, - фрли го ѓубрето во блиските грмушки, сами сме. Никој нема да не види.

- Се срамам од славејчето, - тивко одговори Сања. - А можат да не видат и другите шумски животни: верверичката, зајакот лисицата...

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br><br>Почетно пишување<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник, | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви<br><br>Пишува ракписни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 127 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците преку реченица откриваат кои ракописни букви не им се изучени:<br>***Ѓорѓи и Ќамил јадат ѓеврек.***<br>Учениците погодуваат гатанки /стихови преку кои ги откриваат новите ракописни букви кои ќе се обработуваат -Ѓѓ и Ќќ.<br><br><br><br><br>Учениците смислуваат збор кој ги содржи новите букви и се искажуваат на која позиција се наоѓа гласот/ буквата во зборот.<br>Пр.ѓон - Гласот/буквата ѓ се наоѓа на почетокот на зборот.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Ѓѓ и голема и мала ракописна букв *Ѓѓ*.<br>Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br>Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква Ѓ, ѓ.<br>Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква ***Ѓ*, *ѓ*** од печатната, а учениците вежбаат пишување на ракописните букви. | копирани гатанки за секој ученик<br><br>постер од голема и мала печатна буква Ѓѓ , Ќќ и голема и мала ракописна буква *Ѓѓ,Ќќ*<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви Ѓ и *Ќ*<br><br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови и реченица<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| извичник,<br><br>азбука) | | | На ист начин се увежбува пишување на буквата Ќќ .<br>Од изучените букви учениците вежбаат пишување на зборовите:<br>Ќ - ќебап, ќебе, ќерамида, ќесе, шеќер, ќотек, ќофте, ќош, ќумур, спанаќ сфаќа, ќерка, куќа;<br>Ѓ- ѓеврек, ѓезве, ѓердан, калуѓер, ѓон, ѓубре, ѓуле, ѓум, луѓе<br>Учениците даваат предлози за пишување на реченици со новоизучените букви.<br>Пр. *Ѓорѓина набра цвеќе од градината на баба Ѓурѓа.*<br>Ќамил јаде спанаќ со ќофте.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои завршуваат побрзо можат самостојно или во парови да составуваат реченици со новите букви.<br>Хорово се меморираат гатанките за буквите Ѓ и Ќ.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање**<br>(глас, слог, збор,<br>едноставна реченица,<br>куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка, прашалник, извичник, азбука) | Чита букви, зборови, слогови и едноставни/ куси реченици во состав на разни текстови<br><br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет | 128 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците пишуваат неколку зборови по диктат во тетратката. Треба да откријат во кои зборови треба да стои буквата Ѓ или Ќ за да бидат правилно напишани.<br>Пр. кебап, грав, гезве, шекер, кофте, крај, гон, нога, спанак, губре.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот изразно го чита текстот„ Каде згрешил Ѓорѓи“ од учебник стр.51 и 52. Учениците внимателно го следат читањето со отворен учебник и треба да бидат „детективи“ и да откријат каде Ѓорѓи направил грешки во пишувањето.<br>Одговараат на прашања од текстот:<br>• Што прегледувала наставничката?<br>• Што им рекла на учениците во врска со домашната на Ѓорѓи?<br>• На што му личела планината на Ѓорѓи, а што на Кате?<br>• Кој бил во право?<br>• Што јаделе сите заедно леќа или лека?<br>Хорово се чита текстот (1-2 пати) со цел учениците да се воведат во читање на текстот со правилна артикулација и дикција.<br>Учениците го препишуваат текстот со убав и читлив ракопис.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | постери со изучените ракописни букви.<br><br>тетратка за домашна работа<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита зборови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови<br><br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Додека учениците препишуваат, наставникот индивидуално со секој ученик го увежбува читањето на новиот текст.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Почетно читање<br><br>(глас,<br>слог, збор,<br>едноставна реченица,<br>куса реченица,<br>азбука) | Трансформира прочитани реченици од раскажни во прашални и извични и обратно, односно **од потврдни во одречни и обратно.** | 129 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се поставени во две редици свртени еден кон друг. Од едната редица извлекуваат од кутија ленти со реченици на кои се наоѓаат само кратки потврдни реченици. Од другата редица учениците влечат ленти со одречни реченици.<br>Наставникот ги запознава со активноста: Секој ученик треба внимателно да си ја прочита својата реченица. Прво чита ученик една потврдна реченица, а од другата редица треба да се јави ученик кој ќе има слична реченица - но одречна.<br>Наставникот дава пример како да препознаат одречна реченица ( не, не можам, не сакам, немам, нема...)<br>1 дете - Миле јаде спанаќ.<br>2 дете - Миле не јаде спанаќ.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно следат изразно читање на текстот„ Заедно е поубаво„ (во прилог на сценариото) и одговараат на прашања:<br>• Што му рекла сестрата на брдачето?<br>• Што и одговорило братчето?<br>• Зошто сестричката не можела да премине преку потокот?<br>• Како братчето и помогнало?<br>Учениците се поделени во тројки. Едно дете го чита делот за братчето, друго за сестричката, а третото е | хартиени ленти со потврдни реченици<br><br>хартиени ленти со одречни реченици<br><br>текст подготвен од наставник<br><br>лепило<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава потврдни и одречни реченици<br><br>Претвора потврдни во одречни реченици и обратно |

resursi.literatura.mk

раскажувачот.

Учениците откриваат дека во говорот на сестричката се користат зборови кои одредуваат нешто што не може таа да го направи – одречни реченици

Учениците осознаваат кои се потврдни, а кои одречни реченици и како се формираат.

| Потврдни реченици | Одречни реченици |
|---|---|
| Можам да поминал. | Не можам да поминам. |
| Сакам да јадам. | Не сакам да јадам. |
| Знам да читам. | Не знам да чита. |

Воочуваат дека потврдните и одречните реченици се расказни и завршуваат со точка.

**Завршни активности – изведување заклучок**

Игра во парови- Еден ученик кажува потврдна реченица, а другиот треба да ја трансформира во одречна и обратно.

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

resursi.literatura.mk

Заедно е поубаво

- Бате, сакам кај тебе!
- Дојди кај мене!
- Не можам да поминам. Потоков е голем.
- Тогаш чекај таму.
- Сакам кај тебе бате. Таму тревата е позелена, повисока, поубава. Цвеќињата се пошарени. Кај тебе е поубаво!
- Прерипни го потокот.
- Како да прерипнам? Не сум зајче да скокнам. Не сум птица да прелетам. Не сум жапче да препливам.
- Еве ти ги моиве раце, сестричке! Фати се за нив!
- -Опа, готово е!

Со рацете на бате сестрата е зајаче, птица, жапче. Сега тие се заедно.

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Читање и пишување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr>
<td>Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br><br>Почетно пишување<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник,</td>
<td>Прави разлика меѓу ракописни и пе-чатни бкви<br><br>Пишува ракописни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо.</td>
<td>130</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Преку постер плакат со ракописни букви се повторуваат изучените букви по азбучен редослед и се открива кои букви не се изучени.<br>Учениците погодуваат гатанки /стихови преку кои ги откриваат новите ракописни букви кои ќе се обработуваат -Љљ и Њњ.<br><br>Главен дел – искуствено учење<br>Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Љљ и голема и мала ракописна букв Љљ.<br>Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br>Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква Љљ<br>Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква Љ, љ од печатната, а учениците вежбаат пишување на ракописните букви.<br>На ист начин се увежбува пишување на буквата Њњ .<br>Од изучените букви учениците вежбаат пишување на зборовите:</td>
<td>копирани гатанки за секој ученик<br><br>постер од голема и мала печатна буква Љљ , Њњ и голема и мала ракописна буква Љљ, Њњ<br><br>тетратка за почетно пишување</td>
<td>Чек листа за следење:<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви Љ и Њ<br><br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови и реченица<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо.</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| извичник,<br><br>азбука) | | | Љ -љубезен, љубител, љубов, љубомора, љубопитен, вљубен,,Љуба, Љубица, Љупка, Љубе, Љубен, Љубомир, Љупчо, Љубојно, виљушка, набљудува. беља,<br>Њ – кољ, Тања, Сања, Њутн, Њујорк, мачиња, тиња, диња, пилиња...<br>Учениците даваат предлози за пишување на реченици со новоизучените букви.<br>Пр. Тања е родена во Њујорк .<br>Љубица е многу љубезна кон Љубен.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците добиваат краток текст заситен со новите букви. Ги пронаоѓаат и ги заокружуват во текстот.<br>Штафетно читање на текстот. (Предлог текст од Вежбанка за второ одделение по македонски јазик- Арс Ламина).<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

Љубен е многу љубезен. Тој многу сака да одгледува љубичици. Другарките Љупка и Љубинка му помагаат и заедно ги негуваат. Баба Љуба ги гледа и им се радува. Таа исече диња и ги покани да се засладат.



| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br>(глас, слог, збор,<br>едноставна реченица,<br>куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка, прашалник, извичник, азбука) | Чита букви, зборови, слогови и едноставни/ куси реченици во состав на разни текстови<br><br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет | 131 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот истакнува плакат или подготвен слајд на презентација со зборови со изучените букви. Проверува колку брзо и правилно учениците можат да ги прочитаат зборовите: *Љубљана, Неготино, Цветанка, гулаб, краставица, Штипјанец,...*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците вимателно следат изразно читање на текст за буквите „ Љ и Њ“ од учебник стр.53 и 54.<br>Одговараат на прашања од текстот:<br>• Кој се сретнал во една книга?<br>• Зошто била тажна буквата Њ?<br>• Со кого другарувала буквата Љ?<br>• Во кои зборови се среќавала буквата Њ?<br>• Што ја развеселило буквата Њ ?<br>Хорово се чита текстот со цел учениците да се воведат во читање на текстот со правилна артикулација и дикција.<br>Штафетно читање на текстот од учениците<br>Учениците го препишуваат делот од текстот напишан со ракописни бикви.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Додека учениците препишуваат, наставникот индивидуално со секој ученик го увежбува читањето на новиот текст.<br>**Рефлексија** | Плакат со зборови<br><br>Презентација<br>компјутер<br><br>учебник<br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита зборови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови<br><br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно пишување**<br><br>(ракописни букви,<br>мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | При пишување ги разделува слушнатите зборовите на слогови.<br><br>При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред | 132 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување за глас и буква. Секој ученик замислува еден збор. Го кажува гласно и се искажуваат од кои гласови е составено. Го запишува во тетратката и кажува со кои букви е запишано.<br>• Кои гласови ги слушаме целосно?(а,е,и,о у).<br>• Дали ги имате тие гласови(букви ) во вашиот збор?<br>Учениците во тетратката каде го запишаа зборот ги заокружуваат буквите **а, е и ,о , у**<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците запишуваат неколку зборови составени од еден, два, три и повеќе слога. Ги откриваат самогласките. **а, е, и, о, у** и ги делат зборовите на најмали делови наречени слогови. Се укажува дека во секој слог мора да има една од буквите **а, е , и, о** или **у.**<br>Пр. мо-лив, е-сен, ви-но-жи-то, у-чи-лиш-те и сл.<br>Дискусија со учениците- Зошто ни е потребно да знаеме да делиме зборови на слогови?<br>Секој ученик добива лист со текст запишан со ракописни букви.(„Јасен и бреза“ стр. 19 - од Работни листови по македонски јазик од В Велјановски и Д. Јанушева). Се чита текстот и се делат зборовите на слогови. Се воочува дека некои зборови не се правилно поделени на слогови и истите се потцртуваат. | тетратка за почетно пишување<br><br>работен лист со печатен текст за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Практична изведба во работен лист<br><br>-дели зборови на слогови.<br><br>-правилно пренесува делови од зборови во следниот ред<br><br>Учествува во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците се насочуваат на препишивање на тескстот со правилно пренесување на дел од збор во следен ред.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Размена на тетратките во парови и учениците проверуваат дали нивното другарче некаде погрешило. А потоа дисутираат за своите забелешки. Наставникот ги прегледува тетратките и дава насоки доколку учениците имаат потешкотии при делење на слогови и пренесување на дел од збор во нов ред.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

## Јасен и бреза

Си живееле еден до друг јасен и бреза. Еднаш јасенот ја запрашал брезата:

- Знаеш ли брезо, кој е најубав на светот?

- Не знам - му одговорила брезата.

Покрај шумската бреза стоела печурката. Таа рекла:

- За вас е најубаво сонцето, за мене дождот, а за децата најубава е мајката.

Маја Никогосјанова

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Медиумска писменост и медиумска култура</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Видови медиумски пораки<br><br>(известување, упатство, реклама)</td><td>Прави разлика меѓу медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама.<br><br>Извлекува важна информација од различни видови медиумски пораки.</td><td>133</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Претходна подготовка на наставникот- Подготвува презентација за три видови медиумски пораки – известување за одржување на настан, рекламирање на настан и упатсво за однесување за време на настанот. Настанот ќе биде -Првоаприлски маскембал<br><br><br>Се анализираат сите пораки и кои информации можат да се добијат од нив.<br><br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците во групи добиваат пример од сите 3 вида на медиумски пораки, треба ги извлекуваат важните информации од секоја порака. и врз основа на нив ги категоризираат пораките според видот. Во дискусија се откриваат разликите во содржината на пораките што го определуваат видот на поракаta.</td><td>Презентација изработена од наставник<br><br>Примерок од три вида медиумски пораки за работа во група<br><br>Работен лист<br><br>Лепило<br><br>тетратка за почетно пишување</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Прави резлика меѓу медиумска порака за известување, давање упатство и реклама.<br><br>Може да извлече важна информација од известување, реклама и упатсво</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Пријавете се за ЕКО Првоаприлски маскембал кој ќе се одржи на 1 април со почеток во 10 часот во просторијата за приредби во нашето училиште.<br><br>ЕКО Првоаприлски маскембал<br>1 Април во 10 часот <br>Просторија за приредби во училиштето<br><br>Секој заинтересиран за учество на ЕКО Првоаприлски маскембал треба да се пријави во библиотеката на училиштето најдоцна до 30 март до 12 часот.<br>Учесниците задолжително треба да носат маска изработена од материјал за рециклирање.<br>Секој учесник за своето учество ќе добие благодарница и фотографија.<br><br>Во работен лист го лепат медиумските пораки на соодветно место.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците работат во работен лист (предлог - Вежбанка за македонски јазик за второ одделение стр. 75- Арс Ламина)<br>Рефлексија | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Медиумска порака | НАСТАН – ЕКО ПРВОАПРИЛСКИ МАСКЕМБАЛ |
|---|---|
| **ИЗВЕСТУВАЊЕ** | |
| **РЕКЛАМА** | |
| **УПАТСТВО** | |